С о о п ш т е н и е

за ЛЕТНИОТ испитен рок во учебната 2017/2018 година

се известуваат редовните и вонредните студенти на Природно-математичкиот факултет во Скопје, дека **летниот испитен рок во уч. 2017/2018 година** ќе се одвива во две декади и тоа:

прва декада во периодот од **21.05.2018 до 01.06.2018 год.**
втора декада во периодот од **04.06.2018 до 15.06.2018 год.**

Термините ги објавуваат институтите при факултетот. При правењето на распоредот треба да се внимава помеѓу термините од првата и втората декада, да има минимум 10 дена.(согласно чл. 34, од Правилникот за условите, критериумите и правилата за студирање на прв и втор циклус студии, бр.141, 4 август 2009).

Студентите во летниот испитен рок, можат да полагаат испити, од предмети слушани во зимскиот и во летниот семестар во уч.2017/2018 година.

Студентите за да можат да пријават испит, треба да уредно да им е запишан летниот семестар во учебната 2017/2018 година, како и да имаат уредно земено потпис во индексот од предметниот професор.

- вонредните студенти и редовните студенти со кофинансирање кои се префрлени по нова студиска програма, при пријавување на секој испит заедно со пријавата за испит треба да достават уплатница за уплатени 200,00 денари за испит, уплатени на жиро-сметката на ПМФ, како и 50,00 ден. административна такса.

сите уплати се вршат на образец ПП50:

- назив и седиште на примач	ПМФ – Скопје
- банка на примач	НБРМ
- трансакциска сметка	100000000063095
- сметка на буџетски корисник на ПМФ	1600110804 788 19
- приходна шифра програма начин	723013 - 41 – 2

ПРИЈАВУВАЊЕ НА ИСПИТИТЕ

Напомена 1 (се однесува на студентите од 2 до 14 семестар)

ЕЛЕКТРОНСКОТО ПРИЈАВУВАЊЕ НА ИСПИТИТЕ во **2018 (Летна) Втора испитна сесија** во уч.2017/2018 година, во i-know системот, ќе се одвива од **07.05.2018 до 15.06.2018 година**, и е **задолжително за сите** студенти на ПМФ, од прва, втора, трета и четврта година, како и студентите со запишан 9,12 и 14 семестар (студентите со запишан 14 семестар на студии по географија, не треба електронски да ги пријавуваат испитите) на www.iknow.ukim.edu.mk.

Студентите, треба електронски да го пријават испитот, МИНИМУМ ДВА ДЕНА ПОРАНО, ПРЕД ДАТУМОТ НА ПОЛАГАЊЕ, за да може да се планира соодветна просторија.

Доколку, студентот не го има пријавено електронски испитот (два дена порано) и не достави пријава за испит (хартија) на самиот ден, кај предметните професори, се смета дека нема уредно пријавено испит И НЕМА ДА МУ БИДЕ ДОЗВОЛЕНО ДА ПОЛАГА.

Електронскиот начинот на плаќање на административна такса е објавен на web страницата на ПМФ, www.pmf.ukim.edu.mk и на огласната табла. Кодот кој студентите, ќе го добијат во повратната порака, како успешна електронска уплата на администратитвната такса преку СМС, студентите се должни да го впишат при електронското пријавување на испитот во i-know системот (во полето таксени). За секој испит се плаќа исклучиво по 50,00 денари.

Летниот испитен рок во i-know системот, е внесен како **2018 (Летна) Втора испитна сесија.**

Доколку имате проблеми поврзани со студиската програма (предмети, испити и сл.) пратете електронска порака со опис на проблемот, број на индекс, студиска програма за студентите на студии по: математика, математика-физика, географија - keti@pmf.ukim.mk, за биологија, биологија – lidija.mitevska@pmf.ukim.mk, за хемија, физика, етнологија и антропологија - brankag@pmf.ukim.mk; За технички проблеми (заборавена лозинка, промена на мејл адреса и сл.) - boris@pmf.ukim.mk. во пораката задолжително да се напише опис на проблемот, име и презиме на студент и мејл адреса со која е регистриран во системот.

Кратко упатство: поле "пријави" студентот треба да прати електронска пријава за испит за некој од запишаните предмети. На оваа страница се евидентираат сите испратени пријави од студентот за полагање на одредени предмети. Пријавувањето на предметите за полагање е овозможено само во период означен од студентската служба. Во табела се прикажуваат сите предмети кои сте ги слушале и можете да ги пријавите. Предметите кои сакате да ги пријавите ги чекиравте во полето од последната колона и од паѓачкото мени со понудени професори го избирате оној кај кој сте го слушале предметот. Со кликање на копчето "пријави" одбраните предмети се пријавуваат за следната сесија. Подоле во табела се прикажуваат сите пријавени предмети за следниот семестар. Во колоната за таксени со кликање на одреден предмет се пријавуваат административните такси кои сте ги уплатиле за пријавување на испитот, за секој предмет, треба да е во вредност од 50 денари, која треба да биде уплатена преку смс. Студентите задолжително да го впишат кодот на успешната уплата од повратната порака, кој треба да се внесе во прозорецот кој се појавува.

Напомена 2

Студентите на ПМФ со запишан 16 семестар и само студентите од 14 семестар на студии по географија, пријавите за испит, со 50,00 ден. административна такса ќе ги поднесуваат на веќе вообичаениот начин за нив, на шалтерот на студентски прашања, а административната такса ќе ја уплаќаат на уплатница или преку смс порака.

Рокот за доставување на пријавите за испитите ќе се одвива во периодот од **15.05.2018 до 21.05.2018 г. во истиот период, кога е заверувањето на летниот семестар.**

04.05.2018 година

од Деканатот,